# Ѕвездите на Бреговиќ гости на српскиот Евросонг

**Белград -** Здравко Чолиќ, Северина, групата "Регина", Марија Шерифовиќ, Јелена Томашевиќ и Марко Кон ќе бидат главните ѕвезди на српскиот Национален избор за песна на Евровизија, кој ќе се одржи на 13 март во Белград. Србите оваа година за официјален композитор го избраа Горан Бреговиќ.


Здравко Чолиќ како дел од ревијалните гости

На кастингот минатиот викенд, на кој присуствуваа Брега и претставници на националната РТС, беа десет пејачи, а тројца од нив ќе бидат избрани да испеат по една песна од Бреговиќ. Со СМС гласање публиката ќе избере тројца од: Миња Самарџиќ, Марија Лазиќ, Емина Јаховиќ, Жељко Васиќ, Ненад Ќераниќ, Милан Станковиќ, Марко Вулиновиќ, Оливер Катиќ, Адил Максутовиќ и Јелена Марковиќ.

Националниот избор за песна на Евросонг ќе биде целиот во знак на Бреговиќ. Брега и Здравко Чолиќ заедно ќе ја испеат дуетската тема "Манијачи" која ќе се најде на новиот албум на Чолиќ . Менаџерот на Бреговиќ, Рака Мариќ, открил дека познатиот музичар и неговиот оркестар најверојатно ќе одржат концерт во Осло за време на Евросонг во мај.

***(М.Ц.)***

# "Златна бубамара" за пушачи и антипушачи

Вечерва во 20.30 ч., во Универзална сала, по 13-ти пат ќе бидат доделени статуетките за најпопуларните во јавниот живот, на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста".

Годинашнава тема "За сите пушачи и антипушачи" ќе ги обработува актуелните настани од државата во изминатава година, а шоуто ќе го зачини и гостувањето на ѕвездите. Нивните имиња, од штабот на Радио Бубамара не ги откриваат во нивниот препознатлив таинствен стил, но велат дека во Универзална ќе ги видиме трите најголеми балкански ѕвезди.

Шоуто е во режија на "Рокбарок" академија, а водител е актерот од Куманово Сашко Коцев. Годинава, наградата за животно дело ќе ја добие Вања Лазарова.

***(М.Ц.)***


Од ланскиот настап на Тони Зен

# "Златно славејче" од 7 до 10 март

Детскиот фестивал "Златно слевејче" ќе се одржи од 7 до 10 март во Универзалната сала во Скопје, со претстави кои ќе почнуваат од 11 часот и од 13 часот.

Фестивалот кој традиционално се одржува во средината на ноември, беше слабо посетен од најмладата публика, која поради есенската



пренагласена опасност од свинскиот грип, беше спречена да ги слушне и види новите хитови на славејчињата. Децата и овој пат ќе уживаат во новите 16 хитови.

Во текот на изминатите 40 години, колку што постои овој најстар балкански детски фестивал, славејчињата имаат испеано многу песнички за мајката, но за прв пат ќе можат да настапат токму на денот на мајката, 8 Март.

Водител на фестивалот "Златно славејче" ќе биде рокерот Влатко Илиевски. Влезниците веќе можат да се набават на касата на Универзалната сала по цена од 100 денари.

***(Б.Б.)***